# ПАДРИОН

## Соочување на јавната администрација со процесот на дигиталната трансформација како заедница во областа АДРИОН

Поддршка за попаметен Јадранско-јонски регион

Interreg
Co-funded by the European Union
IPA ADRION

PADRION



# Постигнувања и резултати

2 Меморандуми за разбирање (MoU), на почетокот и на крајот од проектот, потпишани од сите партнери, кои ја потврдуваат подготвеноста за соработка и ја формализираат заедничката посветеност кон целите и одржливоста на ПАДРИОН.

ПАДРИОН креира Акциски план со практични чекори и идеи, кои заедниците можат да ги користат и по завршувањето на проектот, за да се обезбеди долгорочно влијание.

ПАДРИОН дизајнира 3 дигитални алатки за да им помогне на заедниците да се справат со секојдневните предизвици во 3 главни тематски области:

- Унапредување на дигиталните вештини на јавната администрација и граѓаните
- Поврзување на јавната администрација, бизнисите и граѓаните
- Жените и дигиталната инклузија.

Алатките се тестираат во 7 земји за да се осигура дека функционираат во различни локални контексти.

# Што е ПАДРИОН?

Конкретни алатки за јавна администрација за справување со дигитални предизвици и подобрување на квалитетот на живот на граѓаните преку подостапни, поефикасни и поинклузивни услуги, со креирање на Локални дигитални агенди и воспоставување Тематски заедници на практика.

# Конкретни решенија за дигиталната транзиција

Со поттикнување на соработка и иновации, проектот има за цел да го зголеми нивото на дигитални вештини и да имплементира иновативни технологии преку воспоставување на:

- Модел на Локални дигитални агенди (LDAs): фокусирани на локални потреби и приоритети за дигитално подобрување
- Модел на Тематски заедници на пракса (TCoPs): за споделување на знаење и справување со специфични предизвици, како што е вклучување и учество на жените
- Пилотирање нови дигитални решенија во реални услови за изнаоѓање практични решенија за локалните предизвици

На крајот од проектот, решенијата би можеле да се реплицираат низ целиот регион и пошироко.

# Визија

Проектот ПАДРИОН е фокусиран на поддршка на јавните администрации во Јадранско-јонскиот регион за прифаќање  на дигиталната трансформација. Проектот вклучува 9 организации од Албанија, Хрватска, Грција, Италија, Црна Гора, Северна Македонија и Србија, кои се соочуваат со слични предизвици, како што е потребата за унапредување на дигитални вештини кај граѓаните и јавните администрации.

# Мисија

ПАДРИОН се фокусира на локалните заедници, обезбедувајќи решенија кои се создадени според нивните специфични потреби, со пристап фокусиран на корисникот. Посебен акцент се става на две тематски области: „Зајакнување  на дигиталните вештини„ и промовирање на „Жените и дигитализацијата“.Особено, има за цел да ги оспособи жените да го премостат постоечкиот дигитален родов јаз.

Преку прекугранична соработка, ПАДРИОН обединува експертиза и ресурси од сите партнерски земји, овозможувајќи размена на идеи, меѓусебно учење и спроведување на стратегии што функционираат во различни контексти.

# ПАДРИОН

**Период на реализација**
01.09.2024–31.08.2027

**Вкупен Буџет** EUR 1.223.832,90
**Средства од Interreg** EUR 1.040.257,96



# Партнери

Водечки партнер - Lepida SCPA
Јавна установа Агенција за развој на Личко-Сењската жупанија - LIRA
Регионална развојна агенција Југ - RDAS
Општина Елбасан
Здружение за развој на Западна Атина
Општина Егалео
Заедница на општини на Црна Гора
Општина Пјаченца
Центар за развој на Скопскиот плански регион

Co-funded by
the European Union

Кофинансирано од Европската Унија преку програмата Interreg IPA ADRION.
Оваа публикација ги одразува исклучиво ставовите на авторот, а органите на Програмата не сносат одговорност за каква било употреба на информациите што ги содржи.

**посетете ја нашата веб-страница** **padrion**